**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**УП 1 Бр.08-486**
**26.12.2017 година**
**С к о п ј е**

Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 70 став 2 и став 3, член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 18 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), согласно член 92 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015), Заклучокот на Советот, бр.02-5667/5 од 26.12.2017 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересирана страна, Здружението Радио Марија Македонија - Скопје (наш арх.бр.03-5528/1 од 12.12.2017 година), на 42-та седница одржана на 26.12.2017 година, донесе

## О Д Л У К А

1. СЕ ОДБИВА Писменото барање од заинтересираната страна, Здружение Радио Марија Македонија - Скопје (наш арх.бр.03-5528/1 од 12.12.2017 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на територијата на град Скопје, со оглед дека согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите, а врз основа на Известувањето бр.0805-3296/2 од 20.12.2017 година (наш арх.бр.03-5528/3), доставено од Агенцијата за електронски комуникации се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на територијата на градот Скопје.

2. Оваа Одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием и истата ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

## О б р а з л о ж е н и е

До Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 12.12.2017 година доставено е Писмено барање од заинтересирана страна, Здружение Радио Марија Македонија - Скопје (наш арх.бр.03-5528/1 од 12.12.2017 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на територијата на град Скопје.

Согласно член 70 став 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, доколку согласно со Планот за доделување и користење на радиофрефенциите се утврди дека нема слободни радиофреквенции, Агенцијата во рок од осум дена од денот на приемот на барањето од заинтересирана страна, ќе донесе одлука со која истото ќе го одбие.

Со цел да добие информација дали согласно Планот за доделување и користење на радиофреквенциите има слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на територијата на градот Скопје, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 13.12.2017 година, се обрати до Агенцијата за електронски комуникации (арх.бр.03-5528/2).

На 20.12.2017 година, Агенцијата за електронски комуникации достави Известување во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на локално ниво за градовите Скопје и Струмица, бр.0805-3296/2 од 20.12.2017 година (наш арх.бр.03-5528/3) – Прилог бр.1, дека Секторот за радиокомуникации извршил детални технички анализи на радиопростирањето во сервисната зона на градот Скопје, како и дека Секторот за

контрола и мониторинг на радиофреквенции спровел мерења на терен за бараната сервисна зона. Врз основа на резултатите од анализите и мерењата било констатирано дека нема можност за определување на нова фрекфенциска доделба, односно дека нема слободна радиофрекфенција за радио емитување на програмски сервис на територијата на градот Скопје.

Согласно член 92 став 1 од Законот за општа управна постапка кога со закон е определено управен акт да донесува еден јавен орган по претходна согласност, потврда, одобрение или мислење од друг јавен орган, управниот акт се донесува откако другиот јавен орган дал согласност. Јавниот орган што донесува управен акт е должен во својот управен акт да го наведе актот со кој другиот јавен орган дал или одбил согласност.

Следствено на тоа, Советот на Агенцијата врз основа на член 70 став 2 и став 3, член 18 став 1 алинеја 20, а во врска со член 18 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), согласно член 92 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" бр.124/2015) и Заклучокот на Советот, бр.02-5667/5 од 26.12.2017 година, постапувајќи по Писменото барање од заинтересирана страна, Здружението Радио Марија Македонија - Скопје (наш арх.бр.03-5528/1 од 12.12.2017 година), на 42-та седница одржана на 26.12.2017 година, донесе одлука со која се одбива Писменото барање од заинтересирана страна, Здружение Радио Марија Македонија - Скопје (наш арх.бр.03-5528/1 од 12.12.2017 година) за донесување одлука за објавување на јавен конкурс за доделување на дозвола за радио емитување на територијата на град Скопје, со оглед дека согласно со Планот за доделување и користење на радиофреквенциите се утврди дека нема слободна радиофреквенција за радио емитување на програмски сервис на територијата на градот Скопје.

Врз основа на сето понапред наведено, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе одлука како во диспозитивот. Одлуката е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежен суд во рок од 30 дена од денот на нејзиниот прием. Одлуката ќе се објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Советот,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Оваа одлука е конечна, а против истата може да се поднесе тужба пред надлежниот суд во рок од 30 (триесет) дена од денот на нејзиниот прием.

**Прилог (1):**

- Известување во врска со барањето информација за слободни фреквенции за емитување на радио програма на локално ниво за градовите Скопје и Струмица, бр.0805-3296/2 од 20.12.2017 година (наш арх.бр.03-5528/3 од 20.12.2017 година)

**Примерок од Одлуката да се достави до:**

- Здружението Радио Марија Македонија - Скопје;
- Претседателката на Здружението Радио Марија Македонија - Скопје;
- Директорот на Агенцијата;
- сите организациони единици/сектори во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Назначеното лице за водење на Уписникот (Уп1).